


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Заменик Раководител на експозитура Куманово

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

## Квалификации:

- Високо стручно образование – Економски факултет, или работно искуство во финансиски институции;
- Работно искуство од најмалку 2 години;
- Одлично познавање на англиски јазик и MS Office;
- Менаџерски и лидерски способности;
- Преговарачки способности, страст за продажба и работа со клиенти;
- Комуникациски, организациски и аналитички вештини, ориентираност кон резултати, способност за тимска работа;
- Возачка дозвола Б категорија.

## Работни активности:

- Се грижи за стручно, навремено и квалитетно извршување на поставените работни задачи;
- Проактивно учествува во привлекување на нови клиенти и го зголемува бројот на користени производи и услуги од постоечките клиенти;
- Учествува и се грижи за реализација на бизнис целите на експозитурата;
- Го следи развојот на пазарот и континуирано се грижи за потребите на клиентите;
- Учествува во организација на тимот во експозитурата со цел навремено и прецизно функционирање и одржување на квалитетно ниво на услуга;
- Одржува позитивни работни врски со внатрешни и надворешни субјекти;
- Се грижи и предлага можности за зголемување на профитот во експозитурата;

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 05.09.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk